# СООПШТЕНИЕ

**до акционерите со право на дивиденда за 2013 година**

Годишното собрание на акционери на **Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуранс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), на својата годишна седница за деловната 2013 година одржана на ден 27.03.2014 година, донесе одлука со која се одлучи за исплата на дивиденда.

Во врска со предметната одлука за исплата на дивиденда, Ве информираме за следното:

- дивидендата за деловната 2013 година е утврдена во вкупен (бруто) износ од **34.278.739,66 денари** или во вкупен (бруто) износ од **43,00 денари** по акција, износ кој ги вклучува и даноците согласно позитивните прописи;
- сите акционери, кои ќе бидат евидентирани во акционерската книга на Друштвото на ден **11.04.2014 година**, имаат право на дивиденда за деловната 2013 година;
- последен ден на тргување со право на дивиденда за 2013 година е **08.04.2014 година**, поседователно прв ден на тргување без право на дивиденда е **09.04.2014 година**;
- исплата на дивидендата ќе започне на да се исплатува на ден **15.04.2014 година**;

Исплатата на дивиденда, на акционерите резиденти со право на дивиденда (правни и физички лица), ќе се изврши на трансакциските сметки на акционерите во Република Македонија. Исплатата на дивидена, на акционерите нерезиденти со право на дивиденда, ќе се изврши на соодветните банкарски сметки.

Заради навремено исполнување на обврската за исплата на дивиденда, акционерите кои се резиденти (правни и физички лица), и кои имаат право на дивиденда за деловната 2013 година потребно е до Друштвото да достават писмена информација во врска со:

- број на трансакциска сметка и банка депонент;
- живеалиште / престојувалиште, односно седиште (со информација на која општина припаѓаат).

Акционерите кои не се резиденти (физички лица) и кои имаат право на дивиденда потребно е до Друштвото да достават фотокопија од пасош и писмена информација во врска со:

- број на банкарска сметка, банка депонент, и земја во која се наоѓа банката;.
- земја на живеалиште / престојувалиште / седиште,

Акционерите кои не се резиденти (правни лица) кои имаат право на дивиденда, потребно е до Друштвото да достават извадок од соодветен регистар на правни лица каде е регистрирано правното лице, како и писмена информација во врска со:

- број на банкарска сметка, банка депонент, и земја во која се наоѓа банката
- земја на седиште,

Покрај податоците кои се однесуваат на банкарските сметки, странските правни лица кои имаат право на дивиденда се повикуваат до Друштвото да достават и "**Потврда за резидентен статус**" заверена од надлежен даночен орган на странска држава чијшто резидент е правното лице, најдоцна еден ден пред почетокот на исплатата на дивидендата.

Претходното споменатите податоци, односно трансакциски и/или банкарски сметки, како и документи, потребно е да се достават до Друштвото на адреса:

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**,
со назнака: до Сектор за финансии
Ул. 11 Октомври бр.25
1000 Скопје, Република Македонија

**НАПОМЕНА:**
Согласно одредбите од позитивните прописи на Република Македонија, Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп од бруто износот определен за дивиденда, при исплата на дивидендата, а по исплатата на 10% данок на распределба на добивка согласно одребите од позитивните прописи:

- за физичките лица ќе задржи и уплати 10% персонален данок на доход согласно одредбите од позитивните прописи;
- за правни лица, нерезиденти, ќе задржи и уплати задржан данок согласно одредбите од позитивните законски прописи.

Заради поедноставување на начинот на давање на податоци од страна на акционерите (кои се побарани преку ова Соопштение), Друштвото изработи соодветни обрасци кои акционерите можат да ги пополнат и достават до Друштвото. Предметните обрасци се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото (www.insumak.mk), како и на страницата на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (www.seinet.com.mk). Предметните обрасци можат да се пополнат и во седиштето на Друштвото.

Со почит,
**Акционерско друштво за осигурување реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**